Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од законот за локална самоуправа )Сл. Весник на РМ бр.5/2002) и член  8 став 4  од Законот за финансиска подршка на единиците на локалната самоуправа и единките корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски(„Службен весник на РМ“ бр.209/2018) и член 26 став 1 точка 46 од  Статутот на Општина Прилеп („Службен гласник на Општина Прилеп“ бр.6/2003,4/2005 и 11/2008) ,Советот на Општина Прилеп на 25седница одржана на ден 15. 03.2019 година, донесе:

# О Д Л У К А

## за одобрување на Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски

### Член 1

Со оваа Одлука се одобрува Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски врз основа на записниците од преговарањето со доверителите кои пријавија обврски по јавниот повик бр.03-4352/1 од 10.12.2018 година

### Член 2

Одлука за одобрување на Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски врз основа на записниците од преговарањето со доверителите се објавува на веб-страницата на Општината.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила 8 дена од  денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп“.

Број 09-1104/5 — Претседател

15. 03. 2019 год. — на  Советот на Општина Прилеп

П р и л е п — Миле Талевски

_________________________